Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 242/4
Датум: 30 -04- 2025

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 242/1 од 21.02.2025 година, поднесена од од , бр. против Министерство за внатрешни работи, за заштита од дискриминација врз основа на попреченост во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020), на 05.05.2024 го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за внатрешни работи врз

## Образложение

На 21.02.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од од , бр. против Министерство за внатрешни работи, за заштита од дискриминација врз основа на попреченост во пристап до работа.

Подносителот, кој во претставката наведува дека е лице со попреченост и лице без родители, аплицирал на отворен оглас за вработување во Министерството за внатрешни работи , објавен на 02.12.2024 за прием на 101 извршител за работа во Министерството за внатрешни работи на неопределено време. Конкретно, подносителот наведува дека аплицирал во делот на отворениот оглас кој се однесувал за прием на 3 извршители со завршено средно образование со седиште во Струмица. Согласно наводите од претставката, подносителот наведува дека после второто тестирање тој воопшто не бил исконтактиран и не бил повикан на интервју за работа. На 20.02.2025 година, подносителот наведува дека поднел приговор до Министерството. Според подносителот ваквото постапување на Министерството за внатрешни работи претставува дискриминација врз основа на попреченост во пристап до работа.

Врз основа на чл. 27, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 04.03.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави поднесок со барање за произнесување по наводите од претставката до Министерството за внатрешни работи.

На 25.03.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување од страна на Министерството за внатрешни работи.

Во поднесокот за произнесување Министерството потврдува дека подносителот , аплицирал на јавниот оглас, објавен на 02.12.2024 за прием на 101 извршител за работа во Министерството за внатрешни работи на неопределено време. Согласно чл. 74, ст. 1 од Законот за внатрешните работи, Министерството наведува дека постапката за засновање на работен однос во Министерството опфаќа неколку фази и тоа: административна селекција, писмено тестирање, психолошко тестирање, интервју и здравствени прегледи.

Понатаму, Министерството наведува дека согласно чл. 7, ст. 1 од Правилникот за начинот на селекција и избор на лица кои заснoваат работен однос во Министерството за внатрешни работи, селекцијата на кандидатите се спроведува во фази утврдени со закон и со овој правилник и тоа: административна селекција, проверка на моторички способности, писмено тестирање (стручен тест), психолошко тестирање (тест за интегритет и психолошки тест), интервју, безбедносна проверка и здравствени прегледи за проверка на здравствените и психофизичките способности на кандидатите.

Согласно чл. 16, ст. 3 од истиот Правилник, Министерството посочува дека за продолжување, односно за вклучување во следната фаза на селекција, кандидатите треба да освојат најмалку 51% од бодовите во секоја фаза поединечно.

Имајќи го предвид наведеното, а по извршен увид во целокупната документација од споменатиот оглас, Министерството наведува дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација заради некоја заштитна карактеристика на подносителот, туку дека подносителот нема поминато една од претходно наведените фази на селекција, па оттука не бил вклучен во следната фаза на селекција.

Министерството се произнесува и за поднесениот приговор од страна на подносителот, наведувајќи дека на 14.03.2025 е доставено известување по приговорот до подносителот, во кое тој се известува каква е законската постапка за селекција за засновање работен однос во Министерството за внатрешни работи и дека подносителот не поминал една од фазите за селекција, па следствено на тоа не бил вклучен во следна фаза на селекција.

Ценејќи ги наводите од претставката, наводите и доказите од поднесокот за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација врз основа на попреченост во пристап до работа. Од увидот во Законот за внатрешните работи и Правилникот за начинот на селекција и избор на лица кои заснoваат работен однос во Министерството

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

за внатрешни работи, како клучни акти кои ги регулираат начинот и постапката за селекција и вработување во Министерството, како и од увидот во добиената документација во поднесокот за произнесување, Комисијата заклучи дека Министерството за внатрешни работи во конкретниот случај постапило во согласност со цитираните законски и подзаконски акти и не сторило никаква повреда на права во пристап до работа. Невклучувањето на подносителот во следната фаза на селекција после спроведувањето на писмениот тест не се должи на дискриминација врз основа на неговата попреченост, туку на фактот дека подносителот не успеал да освои 51% од бодовите на писмениот тест, па оттука не усепал да го исполни на условот од чл. 16, ст. 3 од Правилникот за начинот на селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во Министерството за внатрешни работи, кој наложува дека за продолжување, односно вклучување во следна фаза на селекција, кандидатите треба да освојат најмалку 51% од бодовите во секоја фаза поединечно.

Следствено на ова во конкретниот случај на подносителот не му е повредено правото на пристап до работа, па оттука не може да се говори ниту за дискриминација, која претставува специфична повреда на право направена врз основа на одредена заштитна карактеристика. Всушност, ова го содржи и самата законска дефиниција на дискриминација од чл. 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде е пропишано дека:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за внатрешни работи врз

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател на Комисијата
Флора Кадриу

Доставено до:

- Министерство за внатрешни работи со седиште на ул. „Димче Мирчев" бр. 9, 1000 Скопје